*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр.* 05-1984/2
26. 08. 2020 *2020 година*
*Скопје*

*Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-13/1 од 02.01.2020 година, по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски ја донесе следната:*

*ОДЛУКА*
*За јавна набавка*

1. *За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка за набавка од мала вредност за јавна набавка на стоки и тоа:* набавка на стоки - *Обновување на лиценци на софтвер за антивирусна и антиспам заштита на клиентски работни станици и сервери за потребите на Министерството за правда.*

1.1. *Предмет (вид) на набавка: набавка на стоки - Обновување на лиценци на софтвер за антивирусна и антиспам заштита на клиентски работни станици и сервери за потребите на Министерството за правда.*

1.2. *Предметот на набавката е неделив од причина што е поцелисходно набавката од ист вид да биде извршена од еден економски оператор заради економичност при постапувањето и при реализација на договорот.*

2. *За реализација на набавката од точка 1 од оваа Одлука обезбедени се средства потребни за обезбедување на јавната набавка со проценета вредност во износ од 500.000,00 денари, без ДДВ и ДДВ 5% во износ од 25.000,00 денари или во вкупна вредност со ДДВ 525.000,00 денари.*
*Средствата се обезбедени од Буџетот на министерството за правда за 2020 година.*
*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424-договорни услуги.*

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2020.08.26
13:31:25 CEST

3. ***Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка***
*Јавната набавка од точка 1 на оваа одлука, ќе се спроведе согласно член 48 од Законот за јавна набавка, односно со спроведување на постапката за набавка од мала врдност за доделување на договор за јавна набавка на стоки - Обновување на лиценци на софтвер за антивирусна и антиспам заштита на клиентски работни станици и сервери за потребите на Министерството за правда, со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-аукција) и да заврши со електронска аукција согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019) како последна фаза.*

4. *Критериум за избор на најповолен понудувач, согласно член 99 е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведување електронска аукција преку ЕСЈН.*

5. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

6. *Плаќањето ќе биде вирмански, по испорака на стоката која е предметот на набавката во законски утврдениот рок од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерство за правда.*

7. *За целосна реализација на постапката се формира Комисија за јавни набавки при Министерството за правда во состав:*

*Претседател: Ана Стојова*
*Членови: Нофка Стојанова*
*Теута Бериша*

*Заменик претседател: Петар Мирковиќ*
*Заменици на членови: Даниела Ангеловска*
*Александар Кутев*

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 од оваа одлука во целост да ја спроведе и реализира постапката за јавна набавка со додавање на договор за јавна набавка согласно одредбите од Законот за јавни набавки набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.).*

9. *Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиниото донесување.*

ОБРАЗЛЖЕНИЕ

Со цел реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година број 05-13/1 од 02.01.2020 година Министерството за правда има планирано, согласно член 75 од Законот за јавни набавки спроведување на постапка - набавка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на набавка на стоки - *Обновување на лиценци на софтвер за антивирусна и антиспам заштита на клиентски работни станици и сервери за потребите на Министерството за правда.*

*Предметот на набавката е неделив од причина што е поцелисходно набавката од ист вид да биде извршена од еден економски оператор заради економичност при постапувањето и при реализација на договорот.*

*За реализација на набавката од точка 1 од оваа Одлука обезбедени се средства потребни за обезбедување на јавната набавка со проценета вредност во износ од 500.000,00 денари, без ДДВ и ДДВ 5% во износ од 25.000,00 денари или во вкупна вредност со ДДВ 525.000,00 денари.*

*Средствата се обезбедени од Буџетот на министерството за правда за 2020 година.*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424–договорни услуги.*

*Согласно горенаведеното се донесе одлука како во дипозитивот:*

*Доставено до:*

- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА*
*По овластување на*
*Министерот за правда*
*Заменик Министер*
*Оливер Ристовски*